Службен Весник на Република Македонија број 38 од 26-ти мај 2005 година.

# ЗАКОН

## за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за катастар и регистрација на недвижности

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка со заем во износ од 10.300.000 ЕВРА, наменет за реализација на Проектот за катастар и регистрација на недвижности.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем по Проектот за катастар и регистрација на недвижности, кој ќе се склучи помеѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 17 години, со вклучен грејс период од 5 години и каматна стапка од ЛИБОР +0.75% годишно.

Заемот ќе се отплаќа на 24 полугодишни ануитети од кои почнувајќи од 15-ти ноември 2010 година до 15-ти ноември 2021 година ќе се отплаќаат 23 еднакви полугодишни ануитети во износ од 430.000 ЕВРА и на 15-ти мај 2022 година ќе се отплати последниот ануитет во износ од 410.000 ЕВРА.

Во грејс периодот од 5 години, што претставува и период на реализација на проектот, ќе се плаќа само каматата на заемот.

Член 4

На или веднаш по датумот на влегување во сила на Договорот за заем од член 2, став 1 од овој закон, се плаќа еднократна провизија-трошок во износ од 1% од износот на заемот. Износот на еднократната провизија

може да биде и помала од 1% врз основа на претходно донесена одлука на Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка.

На износот на неповлечените средства од заемот се плаќа провизија во висина од 0,75% годишно пропишана од страна на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Провизијата од став 2 од овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15-ти мај и на 15-ти ноември секоја година.

Член 5

Корисник на средствата од заемот за Проектот за катастар и регистрација на недвижности е Државниот завод за геодетски работи на Република Македонија.

Член 6

Република Македонија заемот од член 1 на овој Закон ќе го отплаќа од средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија за Државниот завод за геодетски работи на Република Македонија.

Член 7

Доколку Државниот завод за геодетски работи на Република Македонија не ги сервисира навремено обврските од заемот, Министерот за финансии има право да не одобри користење на средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија за Државниот завод за геодетски работи на Република Македонија и да изврши пренамена на планираните буџетски средства за тековната година до износот кој Република Македонија во тековната година го должи кон Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка во основ на камата и главница предмет на Договорот за заем.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".